ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 15-135/24

Дата: 09.09.2011

ДО
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ/СУДСКА ВЛАСТ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Судската власт за 2010 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за консолидираните финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на судската власт за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Имајќи ја во предвид постапката на изработка на консолидираните финансиски извештаи и фактот што доказите за извршените трансакции и активности се одложени кај единките корисници на средства од судската власт ревизијата не пристапи кон давање мислење за консолидираните финансиски извештаи и усогласеност на активностите со закони и прописи.

Со извршената ревизија констатирани се ризици на нефункционирање на клучните контроли во делот на планирање на потребните средства, соодветно усогласување на буџетското барање со надлежното министерство и обезбедување на потребните средства за непречено функционирање на судската власт.

Не се обезбедени согласности а со тоа не е извршено вработување на потребниот број на државни службеници кои ќе ги извршуваат активностите на внатрешна ревизија.

Во начинот на обезбедување на потребните информации и изработка на консолидираните финансиски извештаи констатирано е дека не е обезбедено користење на „АБМС"-Автоматизиран буџетски менаџмент систем, односно наместо автоматско превземање на податоците целокупниот процес се извршува со изработка на дополнителни табели во excel.

Претседателот на Судскиот буџетски совет потребно е да превземе активности и мерки за надминување на утврдените состојби.

Утврдена е системска слабост во делот на: обезбедување на потребните средства за извршување на активностите на судската власт; усогласување на Општиот колективен договор за јавниот сектор; користење на средства од страна на субјект кој правно не е регистриран; системот на плати и надоместоци на плати на членовите на Судскиот совет на Република Македонија и судиите и одредбите на Законот за судскиот буџет.

Извршено е обелоденување за бројот на систематизирани и потполнети работни места што претставува еден од условите за нормално извршување на активностите на судската власт.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи (страна 17 и 18) заедно со ревизија на усогласеност на Судската власт за 2010 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември и Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за консолидираните финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на судската власт за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Васил Грчев, претседател на Судски буџетски совет и Судски совет на Република Македонија во период од 02.02.2009 година до 02.02.2011 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа

одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Судската власт се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.
Имајќи ја во предвид постапката на изработка на консолидираните финансиски извештаи и фактот што доказите за извршените трансакции и активности се одложени кај единките корисници на средства од судската власт ревизијата не изрази мислење за консолидираните финансиски извештаи и усоглсеност на активностите со закони и прописи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали

финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Имајќи ја во предвид постапката на изработка на консолидираните финансиски извештаи и фактот што доказите за извршените трансакции и активности се одложени кај единките корисници на средства од судската власт ревизијата не изрази мислење за консолидираните финансиски извештаи и усоглсеност на активностите со закони и прописи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 26.04.2011 до 10.05.2011 година кај Судски буџетски совет/(консолидирани финансиски извештаи на судската власт) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 21.06.2011 година.

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на буџетскиот циклус ревизијата констатира ризик на нефункционирање на клучните контроли во делот на планирање на потребните средства, соодветно усогласување на буџетското барање со надлежното министерство и обезбедување на

потребните средства за непречено функционирање на судската власт. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за судскиот буџет и има за ефект необезбедување на потребните средства за извршување на функциите на судската власт.

**Препорака**

Претседателот на Судскиот буџетски совет да ги превземе потребните мерки и активности во соработка со надлежните министерства и надлежни органи и да ги обезбеди потребните средства за единките корисници од судскиот буџет.

3.1.2. Согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници воспоставена е обврска за изработка на консолидирана завршна сметка на судската власт. Со извршениот увид на начинот на изработка на истата ревизијата констатира дека не е обезбедено користење на „АБМС"-Автоматизиран буџетски менаџмент систем кој овозможува автоматизирано превземање на потребните информации, односно целокупниот процес се извршува со изработка на помошни табели во excel. Утврдената состојба создава ризик од погрешно пренесување и презентирање на податоците во консолидираните финансиски извештаи и ангажирање на дополнителни човечки ресурси.

**Препорака**

Претседателот на Судскиот буџетски совет да превземе мерки и активности во соработка со надлежните органи за едукација на корисниците на „АБМС" и негово непречено користење од страна на единките корисници на судскиот буџет.

## 3.2. Усогласеност со законски прописи

3.2.1. Основањето на внатрешната ревизија е уредено со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за судскиот буџет и Правилникот за систематизација на работните места во стручната служба во Судскиот совет на РМ. Со одредбите на наведените закони е уредено дека внатрешна ревизија задолжително се основа во Судскиот совет на Република Македонија и со најмалку еден внатрешен ревизор на секои пет единки буџетски корисници додека назначувањето на внатрешните ревизори се врши од страна на Судскиот буџетски совет. Со извршениот увид во Актот за систематизација на

работните места во стручната служба во Судскиот совет на РМ, Национална програма за усвојување на законодавството на Европската Унија (НПАА 2009/2010 година) и планираните и извршените ревизии, ревизијата го констатира следното:

- согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола покрај раководителот на единица за внатрешна ревизија потребно е да бидат вработени најмалку 7 внатрешни ревизори[1];
- со Актот за организација и систематизација во секторот за внатрешна ревизија планирани се 19 вработени;
- во известувачкиот период заклучно до денот на известување од извршената ревизија во единицата за внатрешна ревизија покрај раководителот (државен советник-независен внатрешен ревизор) на единицата за внатрешна ревизја вработени се уште две лица од кои едно од наведените лица е на долготрајно боледување;
- со Акциониот план за реализација на НПАА 2009 за 144 нови вработувања на внатрешни ревизори во субјектите на централно ниво, за Судската власт за 2009-2010 година и 2011 година се планирани по четири нови вработувања односно вкупно осум нови вработувања на внатрешни ревизори кои до денот на ревизијата не се реализирани;
- во известувачкиот период издадени се шест ревизорски извештаи.

Погоренаведените состојби и ограничениот број на човечки ресурси за извршување на внатрешната ревизија не се во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава ризик од необезбедување на независно, разумно, објективно уверување и совет на раководителот на субјектот со цел подобрување на работењето на судската власт и зголемување на ефикасноста на системите на внатрешната контрола.

**Препорака**

Претседателот на Судскиот буџетски совет во соработка со надлежните органи да обезбеди согласност за вработување на потребниот број на внатрешни ревизори.

[1] Согласно член 31 став 1 алинеја 4 од ЗЈВФК е предвидено единицата за внатрешна ревизија да се основа со најмалку еден внатрешен ревизор на секои пет единки буџетски корисници. (Од средствата планирани во разделот судска власт во Буџетот на Република Македонија за 2010 година се јавуваат 35 единки корисници).

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 2.3. ние не изразуваме мислење за Консолидираните финансиските извештаи на судската власт на ден 31 декември 2010 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Поради прашањата изнесени во точката 2.3. погоре, ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во консолидираните финансиски извештаи на судската власт, се во согласност со релеватната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Почитувајќи ги одредбите на член 139 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија кои упатуваат дека висината на платата на судските службеници се „определува со закон“ и член 3 став 2 од Законот за судска служба кој упатува дека лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат општите прописи за работни односи, за оваа категорија на вработени потребно е да се почитуваат одредбите на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, ....47/11).

Со одредбите на член 205 став 2 од Законот за работните односи е уредено дека општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во јавниот сектор.

Со членот 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09) е утврдена обврската „Општите колективни договори се усогласуваат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“ односно најдоцна до 4 мај 2010 година а колективните договори на ниво на гранка, односно оддел и колективните договори на ниво на работодавач се усогласуваат во рок од шест месеци од потпишувањето на општите колективни договори.

До денот на ревизијата не се превземени мерки и активности за:

- усогласување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, а со тоа е оневозможено и усогласување на гранските колективни договори и колективните договори на ниво на

работодавач, вклучувајќи го и Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија;
- утврдување на најнсиката плата за најнизок степен на сложеност најмалку еднаш квартално и нејзино објавување и
- усогласување на одредбите на член 21 од Општиот колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија, утврдување на висината на трошоците поврзани со работа и нивно усоглсување на годишно ниво со анекс на колективниот договор.

Наведената состојба влијае на можноста за целосно уредување и начинот на остварување на правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во јавниот сектор на Република Македонија.

5.2. Со извршената анализа на буџетските барања и корисниците на средства од разделот на судската власт, ревизијата констатира дека се појавува корисник на средства кој го нема завршено целокупниот процес на правно конституирање и регистрирање при надлежниот регистар. Имено, како корисник на средства од разделот на судската власт се појавува Управата на судска зграда при Апелационен суд Скопје. Конституирањето на наведената Управа на судска зграда е извршено врз основа на Одлука донесена од Советот на работната заедница при Окружниот суд Скопје на ден 26.03.1968 година. До денот на известувањето од извршената ревизија не се превземени активности за начинот на преоценување и утврдување на статусот на Управата на судска зграда во согласност со одредбите на член 90[2] од Законот за судовите и нејзино упишување кај надлежниот регистар согласно одредбите на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица. Утврдената состојба влијае на начинот на обезбедување на потребните средства за извршување на функциите на Управата на судска зграда, раководење и законитоста во целокупниот начин на функционирање.

Во текот на 2011 година настанати се промени во делот на овластени лица за располагање со средствата поради што е изработен и нов картон и депонирани потписи но истото не е одобрено од Министерството за финансии пред се поради тоа што истото бара да биде приложен “примерок од правниот акт врз основа на кој претседателот на Апелациониот суд Скопје е овластен да биде потписник на сметката 290100061260312 која е на Управата на судска зграда“.

[2] “За вршење на определени управни, финансиски, оперативни, манипулативни и помошни работи и задачи за повеќе судови во исто место може да се основаат заеднички служби или да се определат работници кои ќе вршат заеднички работи и задачи“

5.3. Системот на плати, надоместоци на плата, други надоместоци и примања на членовите на Судскиот совет на Република Македонија и судиите се регулирани со Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија и Законот за платите на судиите.

Со извршената анализа на начинот на утврдување и пресметување на овие права со одредбите на законските и подзаконските акти кои го уредуваат начинот на пресметување на овие и слични права на други категории на вработени (избрани и именувани лица во Република Македонија; судски службеници и државани службеници), се констатирани разлики во начинот на утврдување и пресметување на наведените права и тоа:

- работното искуство на членовите на Судскиот совет, судиите и избраните и именуваните лица се вреднува со 0,5% за работно искуство за секоја започната година работен стаж, додека истото ова право за вработените во јавниот сектор кои имаат третман на судски службеници, државни службеници итн. работниот стаж се вреднува со секоја завршена година;
- надомест за дневница за службено патување во странство во висина од 50% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување, како и во случај кога сместувањето не паѓа на товар на судот и 20% од утврдената дневница ако трошоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на судот/советот, кои проценти се повисоки[3] и не се усогласени со Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци;
- надомест на трошоци за превоз на член на совет/судија кој што живее во една, а работи во друга општина, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое право за судските службеници воопшто не е предвидено.

Утврдената состојба предизвикува нерамноправна положба на вработените во јавниот сектор, различен пристап на признавање на одредени права и покрај тоа што се работи за ист вид на право од работен однос.

Надлежните министерства треба да превземат мерки и активности за изготвување на предлог измени и дополнувања на наведените закони со кои ќе се обезбеди ист пристап во обезбедувањето на правата кои произлегуваат од работен однос.

[3] Согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци е утврдено: 35% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата и ако за издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управата не се исплатува дневница.

5.4. Со одредбите на Законот за судскиот буџет се уредуваат постапката за изготвување, утврдување и извршување на судскиот буџет и основањето и работењето на Судскиот буџетски совет. Ревизијата изврши споредување на одредбите содржани во наведениот закон со одредбите во другите закони кои се во непосредна корелација со наведениот закон со што утврди поголем број на системски неусогласености и тоа како што следува:

- Се врши формирање на судски буџетски совет кој нема својство на правно лице а му се овозможува да:
  - отвори трезорска сметка; му се утврди финансиски план и врши платен промет преку сметката[4] во трезор;
  - врши централизирано спроведување на постапки за јавни набавки за единките корисници, без да се има во предвид претходно наведеното и дека во исто време не е предвиден во Одлуката за утврдување на индикативен список на договорни органи[5];
  - Да набави, располага и користи печат што не е во согласност со одредбите на Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија[6].
- Дефинираное е „судски буџет како годишна процена на приходите и трошоците на единките корисници што ги утврдува Собранието на Република Македонија и е наменет за нивно финансирање“ и „Судскиот буџет е дел од Буџетот на Република Македонија издвоен како посебен дел означен со „Судска власт“ без притоа да се има во предвид дека ваква категорија/вид или дефиниција на буџет не е предвиден и дефиниран во Законот за Буџетите;
- Утврден е раздел во Буџетот на Република Македонија со наслов „Судска власт“, што всушност претставува доделување на наслов согласно функционалната класификација, без притоа да се има во предвид дека дадениот наслов не претставува наслов на конкретен правен субјект со сите потребни белези согласно постојните законски и подзаконски акти.

Утврдената состојба предизвикува неусогласенот на наведениот закон со другите закони од оваа област поради што Судскиот буџетски совет и надлежното министерство да извршат преиспитување на погоренаведените состојби и превземат мерки за усогласување на законските акти.

[4] 290104169663714-Судска власт.
[5] „Службен весник на Република Македонија“ број 159/07 и 74/09.
[6] „Службен весник на Република Македонија“ број 86/2008.

5.5. Со одредбите на член 15 од Законот за платите на судиите и член 10 став 2 од Законот за платите на членовите на Судскиот совет на Република Македонија утврдена е основицата за пресметување на испратнината при заминување во пензија. При извршеното споредување на наведените одредби со системскиот закон/Законот за исплата на платите во Република Македонија се констатира дека наведените одредби не се усогласени со одредбите на наведениот закон, односно во наведените закони се користат термини кои повеќе Државниот завод за статистика не ги објавува односно утврдена е основица различна од системскиот закон. Претседателот на Судскиот буџетски совет и Судскиот совет да превземат мерки за известување на надлежното министерство за потребата од усогласување на наведениот закон со Законот за исплата на платите во Република Македонија.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Согласно прилозите од Извештајот за работа на Судскиот буџетски совет и реализација на судскиот буџет за 2010 година се констатира дека вкупниот број на планирани вработени во делот на функција и судски службеници, административно-технички лица и судска полиција се планирани во износ од 4.616 лица (функција – 724 и останати – 3.892) додека вкупниот број на вработени изнесува 3.041 лице (од кои функција – 687 и останати – 2.354) што укажува дека вкупниот број на непотполнети работни места изнесува 1.575 вработени (од кои 37 во функција и 1.538 останати). Утврдената состојба укажува дека 34,12% не е извршено вработување на планираниот број на вработени во судската власт. За надминување на утврдената состојба, Владата на Република Македонија на 23-тата седница има донесено Заклучок во врска со кадровското доекипирање на судството во текот на 2011 година да се вработат помеѓу 120-150 службеници.

За надминување на наведената состојба, Судскиот буџетски совет и Судскиот совет во соработка со надлежните органи да извршат преоценување на потребниот број на вработени во судската власт, утврдат акционен план на потребни вработувања, обезбедат средства и согласност за вработување и извршат вработување на потребните човечки ресурси.

6.2. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен со „Судска власт“. Постапката за изготвување, утврдување и извршување на судскиот буџет е уредена со одредбите на Законот за судскиот буџет.

Во постапката на планирање, усогласување и утврдување на средствата за работа на судската власт во Република Македонија во Судскиот буџет, од

страна на Судскиот буџетски совет и надлежното министерство (Министерство за финансии), не е постигнато усогласување на потребните средства со што според податоците добиени од стручната служба на Судскиот буџетски совет - судската власт со состојба 31.12.2010 година пријавува неподмирени обврски во износ од 133.330 илјади денари.

Утврдената состојба влијае да не се обезбедат потребните средства за финансирање на судската власт, кое во пракса предизвикува отежанато финансирање на судската власт.

Наведената состојба предизвикува Судската власт со состојба 31.12.2009 година да пренесе неподмирени превземени обврски во износ од 68.314 илјади денари, односно за 2010 година за овие намени да бидат планирани во Буџетот за судска власт во износ од 1.743.901 илјади денари, а истиот да изврши расходи во износ од 1.738.987 илјади денари и да превземе обврски за 2010 година над одобрениот Буџет во износ од 128.416 илјади денари односно вкупните неподмирени обврски со состојба на 31.12.2010 година да изнесуваат 133.330 илјади денари (графикон 1 и 2).

**Графикон 1- Програма 20-Судска администрација**




| | 420 | 421 | 423 | 424 | 425 | 426 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одобрени средства со Ребаланс и извршени пренамени за 2010 година | 1.062 | 93.330 | 22.431 | 13.506 | 62.848 | 3.425 |
| Реализирани средства во 2010 година | 908 | 93.186 | 21.992 | 13.245 | 62.603 | 3.243 |
| Неподмирени обврски 12 месец 2010 година | 80 | 36.011 | 6.169 | 3.139 | 80.933 | 2.198 |

**Графикон 2-Програма 30- Академија за обуки на судии и обвинители**




| | 420 | 421 | 423 | 424 | 425 | 426 | 480 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одобрени средства со Ребаланс и извршени пренамени за 2010 година | 950 | 2.112 | 1.800 | 374 | 10.980 | 1.863 | 224 |
| Реализирани средства во 2010 година | 950 | 2.112 | 1.782 | 374 | 10.979 | 1.863 | 224 |
| Неподмирени обврски 12 месец 2010 година | 1.007 | 704 | 65 | 102 | 2.235 | 100 | 586 |

*420-патни и дневни расходи;
*421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт;
*423-материјали и ситен инвентар;
*424-поправки и тековно одржување;
*425-договорни услуги;
*426-други тековни расходи;
*480-купување на опрема и машини.

Оваа состојба укажува на фактот дека Буџетот на Судската власт за тековната година има на располагање за превземање на обврски средства во износ од 1.675.587 илјади денари, што претставува разлика помеѓу планираните средства во Буџетот на судската власт и пренесените неподмирени обврски со состојба 01.01.2010 година (1.743.901-68.314).

Нивото на обезбедени средства за финансирање на судската власт влијае на: условите за извршување на надлежностите на судската власт; нарушување на едно од основните буџетски начела „сеопфатност" при изготвување, донесување, извршување и известување за извршувањето на Буџетот на Република Македонија и доведување во состојба на раководителот на субјектот да превзема обврски надвор од одобрените средства со финансискиот план, што е спротивно на член 7 став 2 од Законот за буџетите.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет се предвидува делот на средствата „Судска власт“ во Буџетот на Република Македонија, потребни за функционирање на единките корисници се утврдува во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ, со одредена динамика започнувајќи од 2012-2015 година, поради што надлежното министерство и Судскиот буџетски совет потребно е да превземат соодветни мерки и активности за обезбедување на потребните средства и обезбедување услови за функционирање на судската власт.

6.3. Истакнуваме дека во завршна фаза се активностите на проектот „Правна и правосудна имплементација и институционална поддршка на Министерството за правда“ кои ќе резултираат со изработена функционална анализа во одбрани судови во Република Македонија со различна надлежност а се со цел утврдување на цената на чинење на судските предмети. Утврдената цена на чинење ќе претставува еден од основните критериуми за утврдување на потребните средства за финансирање на судската власт и распределба на средствата помеѓу единките корисници на средства од Судскиот буџет.

Скопје, 06.09.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 1.738.980 | 1.695.780 |
| **Вкупно приходи** | **1.738.980** | **1.710.101** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 1.474.537 | 1.417.438 |
| Стоки и услуги | 230.892 | 241.376 |
| Субвенции и трансфери | 9.618 | 9.370 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.715.047** | **1.669.033** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 23.933 | 41.068 |
| **Вкупно капитални расходи** | **23.933** | **41.068** |
| **Вкупно расходи** | **1.738.980** | **1.710.101** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 41 | 0 |
| Хартии од вредност | 41 | 40 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 23 | 20 |
| Побарувања од вработените | 246 | 182 |
| Финансиски и пресметковни односи | - | 6.745 |
| Активни временски разграничувања | 263.427 | 204.041 |
| Залихи | 7.417 | 8.045 |
| **Вкупно тековни средства** | **271.195** | **219.073** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 4.586 | 4.772 |
| Материјални добра и природни богатства | 16.972 | 16.797 |
| Материјални средства | 1.337.846 | 1.203.872 |
| **Вкупно постојани средства** | **1.359.404** | **1.225.441** |
| **Вкупна актива** | **1.630.599** | **1.444.514** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 41 | 60 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 131.676 | 67.041 |
| Краткорочни финансиски обврски | 8.248 | 16.194 |
| Обврски спрема државата и други институции | 1.025 | 685 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 448 | 485 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 116.424 | 119.640 |
| Пасивни временски разграничувања | 5.875 | 6.923 |
| **Вкупно тековни обврски** | **263.737** | **211.028** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 1.366.862 | 1.233.486 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **1.366.862** | **1.233.486** |
| **Вкупна пасива** | **1.630.599** | **1.444.514** |